# 27. ИЗЛЕЗИ НАДЕ ГОРЕ НА ПОРТИ




Поповски, Вејчеслав. 100 Бисери од македонски народни песни, I Дел. Берово: МАК-КОМ, 1996

# 27. ИЗЛЕЗИ НАДЕ НАДВОР НА ПОРТИ

1. Излези Наде надвор на порти
за да ти видам белото лице.
Белото лице црните очи,
ем својте Наде ле мори, гајтан веѓи.

2. Не можам, Ѓорѓи јазе да дојдам
мајка ми Ѓорѓи порти затвори,
мајка ми Ѓорѓи порти затвори,
татко ми Ѓорѓи море, пенџер ѕоѕида.

3. Излези Наде, надвор пред порти
за да ти видам белото лице,
очи ми солзат, срце тагува,
заради нашта, ле Наде пуста разделба

4. Мајка ти Наде па и татко ти
бог да ги бие, а и убие,
порти ќе турнам, пенџер ќе урнам,
и тебе Наде мори, јас ќе те земам.

Поповски, Вејчеслав. 100 Бисери од македонски народни песни, I Дел. Берово: МАК-КОМ, 1996